Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-447/7
12.12. 2024 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2025 година

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на општина Градско во областа на спортот во 2025 година се:

- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот;
- Создавање услови за реализирање на спортско- рекреативните активности на граѓаните, жените и мажите, девојчињата и момчињата, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во Република Македонија и надвор од неа.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на општина Градско во областа на спортот во 2025 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма.

Општина Градско во насока на остварување на горе наведените цели за тековната 2025 година планира да ги реализира следните активности:

| Активности на општина Градско за 2025 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Активности** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| 1 | Поддршка на спортски клубови | Општина Градско | 220.000,00 денари |
| **ВКУПНО:** | | | **220.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на спортот утврдени со оваа Програма ќе се финансисраат со средства од Буџетот на општина Градско за 2025 година.

При реализирање на Програмата, Советот на општина Градско ќе ги поддржи институциите и здриженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на спортот, финансирани од други инвеститори- заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага спортот се:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Совет на Општина Градско
Претседател
____________________
Мирјана Ѓорѓиева